# POLICIES AND MEASURES FOR RECOVERY OF SMALL ENTERPRISES FROM COVID-19 PANDEMIC

**Marija Magdinceva-Sopova**
University Goce Delcev-Stip, Republic of North Macedonia, marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Aneta Stojanovska-Stefanova**
University Goce Delcev-Stip, Republic of North Macedonia, aneta.stojanovska@ugd.edu.mk

**Abstract:**The current processes of global integration and the emergence of a health, economic and energy crisis caused by the impact of the Covid-19 virus a period longer then two years have changed the entrepreneurial concept of small business operations. The global crisis and the current situation in the environment have caused major changes in the work ethic of all companies as well as in the work of entrepreneurs. Small enterprises are drivers of the economic growth and creators of new and sustainable jobs.
The global health crisis has caused a number of problems for small businesses. Typically, small businesses are associated with entrepreneurial initiative and are characterized by the ability to adapt to dynamic and specific operating conditions. Although the current pandemic working conditions are a challenge and an opportunity for certain companies, most small businesses face significant problems at work such as reduced workload, reduced income, problems with debt collection, employee health problems.
Many companies faced serious challenges and problems, from the physical closure of the company, or facing significant problems such as adapting and introducing changes to work from home, problems with providing appropriate IT technology, the disability of employees to work due to health reasons as well as the inability to perform work from home due to the characteristics of the work process itself.
Introduced restrictions on social distancing and changes in demand in terms of structure and scope have led to the closure of a number of small enterprises. All this forced the entrepreneurs to introduce significant changes in the operation in order to quickly adapt the operation of the company to the changes in the environment.
The Covid crisis negatively affects the productivity and profits realized by small enterprises. That is why many companies are achieving negative financial results. In these conditions, cooperation between state institutions and enterprises is of great importance.
In order to adapt to the new situation and improve the work of small enterprises is the application of appropriate policies and measures by the state which will help enterprises to more easily overcome the unplanned crisis situation. Because small enterprises are characterized by specific characteristics, this paper will provide a theoretical overview of the measures adopted by the state. Therefore, the paper will provide a theoretical overview of the policies and measures adopted by the Government of RS Macedonia in order to recover and overcome the crisis. Policies and measures by the state have proved necessary to overcome the crisis..
**Keywords:** small enterprises, crisis situation, policies, measures, Covid-19.

# ПОЛИТИКИ И МЕРКИ ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА МАЛИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО УСЛОВИ НА КОВИД ПАНДЕМИЈА

**Марија Магдинчева-Шопова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет “Гоце Делчев”, Штип
marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Анета Стојановска-Стефанова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет “Гоце Делчев”, Штип
aneta.stojanovska@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Тековните процеси на глобална интеграција и појавата на здравствена, економска и енергетска криза предизвикани од влијанието на вирусот Ковид-19 во подолг временски период од две години го промени претприемничкиот концепт на работа на малите претпријатија. Глобаланата криза и тековните состојби во окружувањето предизвикаа големи промени во работата на сите претпријатија како и во работата на претприемачите. Малите претпријатија се двигатели на економскиот раст и креатори на нови и одржливи работни места.

Глобалната здравствена криза предизвика бројни проблеми со кои се соочуваат малите претпријатија. Вообичаено, малите претпријатија се поврзуваат со претприемничката иницијатива и се карактеризираат со способност за прилагодување во динамични и специфични услови за работа. И покрај тоа што актуелните пандемиски услови за работа претставуваат предизвик и можност за одредени претпријатија, поголемиот број мали претпријатија се соочиај со изразени проблеми во работата, намален обем на работа, намалени приходи, проблеми со наплата на побарувањата, здравствени проблеми на вработените.
Многу претпријатија се соочија со сериозни предизвици и проблеми, од физичко затворање на претпријатието, или соочување со изразени проблеми како на пример прилагодување и воведување на промени за работа од дома, проблеми со обезбедување на соодветна ИТ технологија, спреченост на вработените за работа поради здравствени причини како и спреченост за извршување на работата од дома поради карактеристиките на самиот процес на работа.
Воведените ограничувања за социјално дистанцирање и промените на побарувачката како по структура и обем, предизвикаа затварање на голем број мали претпријатија. Сето тоа ги принуди претприемачите да воведат изразени промени во работењето со цел брзо да се прилагоди работењето на претпријатието на промените во окружувањето.
Ковид кризата влијае негативно на продуктивноста и профитот кој го реализираат малите претпријатија. Затоа голем број претпријатија остваруваат негативни финансиски резултати. Во овие услови, од голема важност е соработка меѓу државните институции и претпријатијата.
Со цел прилагодување на новонастанатата состојба и унапредување на работата на малите претпријатија е примената на соодветни политики и мерки од страна на државата преку кои ќе се помогне претпријатијата полесно да ја надминат непланираната кризна состојба. Бидејќи малите претпријатија се карактеризираат со специфични карактеристики во рамките на овој труд ќе биде даден теоретски приказ на мерките донесени од државата. Поради тоа, во рамки на трудот ќе биде даден теоретски приказ на политиките и мерките донесени од страна на Владата на Р.С.Македонија со цел закрепнување и надминување на кризната состојба. Политиките и мерките од страна на држава се покажаа како неопходни за надминување на кризната состојба.
**Клучни зборови**: мали претпријатија, кризна состојба, политики, мерки, Ковид-19,

## 1. ВОВЕД

Малите претпријатија се двигатели на економскиот раст и креатори на нови и одржливи работни места. Значењето на малите претпријатија за развојот на секоја држава се согледува најмногу преку создавање на нови работни места, поттикнување на конкурентноста во економијата, креирање на нова потрошувачка, поттикнување на иновативноста и новите начини на работа. Глобаланата здравствена криза и тековните состојби во окружувањето предизвикаа големи промени во работата на сите претпријатија како и во работата на претприемачите и малите претпријатија. Вообичаено, малите претпријатија се поврзуваат со претприемничката иницијатива и се карактеризираат со способност за прилагодување во динамични и специфични услови за работа. Но како резултат на глобалната здравствена криза малите претпријатија се соочија со бројни проблеми. И покрај тоа што актуелните пандемиски услови за работа претставуваат предизвик и можност за одредени претпријатија, поголемиот број мали претпријатија се соочија со изразени проблеми во работата, намален обем на работа, намалени приходи, проблеми со наплата на побарувањата, здравствени проблеми на вработените. Економската реалност за многу бизниси во моментов се отпуштања, отпуштања и подеднакво ужасни резултати.(Liguori E.W., Pittz G.Th.,2020)
Новите економски услови ја наметнаа потребата државата да има сериозен пристап во обезбедување на поддршка за претпријатијата кои ненадејно беа соочени со кризната состојба и намален обем на работа. Политиките и мерките од страна на државата се покажаа како неопходни за надминување на кризната состојба. Сите современи влади (централни, регионални и локални) со посветеност работат на креирање на поволен претприемнички амбиент во сопствените земји. (Шкртиќ М, Микиќ. М, 2002, 223). Во конкретниот случај станува збор за креирање на политики и мерки од страна на Владата со цел закрепнување и надминување на кризната состојба. Политиките и мерките донесени од старна на државата им помагаат на претпријатијата да воведат нови организациски структури, нови форми на работа, промена или проширување на структурата на производството, зголемување на ефикасноста и ефективноста и обезбедување услови за одржлив економски развој.

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ ВО РАБОТАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Глобаланата здравствена криза предизвикана од влијанието на вирусот Ковид-19 која создаде и економска криза ја промени работата на претприемачите и малите претпријатија и директно придонесе за појава на големи проблеми со кои се соочуваат претприемачите и менаџерите на мали претпријатија. Малите претпријатија се движечка сила за раст на економијата, но во услови на здравствена и економска криза се соочуваат со предизвици да се одрѓи континуитет во работата и да се опстане. криза и изменетите услови за работа се менуваат приоритетите на работа поради што претприемачите воведуваат изразени промени во работењето со цел брзо да се прилагоди работењето на претпријатието на промените во окружувањето. Успешното работење претставува основна цел за претприемачите при што изменетите услови за работење предизвикани од влијанието на вирусот Ковид-19 истовремено претставуваат предизвик и можност.(Magdinceva Sopova, M.,Stojanovska-Stefanova A. and Postolov K.,2021, 171-175) Почетокот на кризата, поголем број на претпријатија се соочија со предизвикот од навремено снабдување бидејќи процесите на снабдување на некој начин беа прекинати или отежнати. Покрај пандемските услови за работа, претпријатијата мора да ги надминат предизвиците и да менаџираат со работните процеси. Во услови на ограничувања во готовинските текови, обврските кон добавувачите треба навремено да се сервисираат како и обрските кон вработените и финансиските институции. Покрај финансиските предизвици, претпријатијата се соочија со предизвици од организациски карактер. Промените во окружувањето ја зголемија потребата од воведување на нова организациска структура при што се воведуваат нови форми на работа базирани на иновации и информациска технологија како основа за опстанок и одржлив економски раст на претпријатијата. Новите економски услови ја наметнаа потребата претпријатијата да ја променат традиционалната организација и структура на работа а развојот на информациската и комуникациска технологија овозможи појава на нови организациски структури кои се разликуваат од оние кои се базирани на статичкиот концепт.(Лукиќ А,Новoвиќ М., 2021, 79) Покрај можноста да се воведат промени во работата за да се надминат предизвиците, претпријатијата се соочуваат со следните потешкотии во тековното работење:отежната комуникација како резултат на зголемената електронска комуникација во замена на комуникацијата за физичко присуство, потешкотии во навремено реализирање на работните процеси како резултат на намалување на присуството на вработените на работно место или ослободување од работа во согласност со Уредбите донесени од страна на Владата на Р.С.Македонија за организирање на работата на претпријатијата, при што одредена категорија вработени ( хронично болните лица, бремени жени и мајки со деца до 10 годишна возраст), дел од работните процеси ги извршуваат од дома, спреченост за пристап до податоците и базите на податоци кога се работи од дома, потешкотии во усогласување на работните обврски кај вработените кои се физички присутни на работното место чиј што број е помал, поради што се соочуваат со проблем од навремено извршување на работните обврски како и замена на вработените кои работат од дома, намалена ефикасност во работата, работа со грешки, ограничено извршување на работните обврски, непочитување на временските рокови за извршување на работните обврски, потешкотии во комуникацијата помеѓу менаџер и претприемч и сл.

Предизвиците со кои се соочени менаџерите во услови на глобална здравствена криза ги принудува да воведат изразени промени во работењето со цел брзо да се прилагодат на изменетите услови за работа и промените во окружувањето. Претприемачите треба да бидат способни навремено да ги препознаат проблемите и да пронајдат решение за истите. Според податоците од спроведените истражувања за финансиската криза од 2008 година, претприемачите користејќи го методот на брзо менување на бизнисот и барање на нови можности се однесувале на агилен начин (на пр., таргетирање нови пазари и клиенти) и често значително го менувале начинот на кој работеле (Reymen, I. M. M. J., Andries, P., Berends, H., Mauer, R., Stephan, U., & van Burg, E.,2015) Агилните претприемачи се проактивно ориентирани и постојано ги менуваат плановите за работа на претпријатијата како начин за прилагодување на кризната состојба.

## 3. ПОЛИТИКИ И МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ОД СТРАНА НА ДРЖАВАТА

Имајќи ја во предвид непланираната нова состојба речиси во секој сектор на работа и живот, државните институции поточно Владата на Р.С.Македонија со цел да го намали влијанието и да се намалат изразените економски последици од влијанието на Ковид-пандемијата во работата на претпријатијата направи обид преку политиките и мерките да обезбеди поддршка за претпријатијата како можност за закрепнување од големите загуби. Сетот на политики и мерки се разликуваат во различни земји и различен временски период. Во основа политиките и мерките беа насочени кон заштита на вработените на работните места, воведување мерки за заштитата на самите работни процеси и различни форми на финансиска поддршка. Како дел од мерките донесени од страна на државата се забележуваат одложување на обврските кон

државата или т.н. даночни одложувања, намалување на одредени даночни стапки како дел од фискалните мерки или укинување на одреден вид даночни обврски. Здравствената криза предизвика негативни економски последици во работата на претпријатијата што резултираше со проблеми во ликвидноста на претпријатијата предизвикани од тешкотии при наплата на побарувањата. Поради тоа како потреба се наметнаа политиките и мерките кои се однесуваа на дирекна финансиска помош или субвенционирање на одредени обврски.

Политиките за социјално дистанцирање на луѓето имаа големо влијание во обликувањето на политиките за закрепнување на претпријатијата. Закрепнувањето на претпријатија подразбира враќање и функционирање на постоечките бизнис процеси. Економското закрепнување во глобални рамки останува неизвесно, со оглед на ранливоста на финансискиот сектор и на јавните финансии, како и процесот на финансиско раздолжување (deleveraging) во поголем број европски земји.( Петревска Б.Магдинчева-Шопова М.,2018, 88)

Со цел справување со здравствената и економска криза, и со поддршка од Европската инвестициона банка, имплементирани се неколку пакети мерки. Во почетната фаза на пандемијата, политиките беа насочени кон обезбедување на соодветна финансиска поддршка за опстанок на претпријатијата, бидејќи голем дел од претпријатијата беа затворени. Главните карактеристики на првите два пакети мерки беа насоченоста кон ликвидност на претпријатијата и задјување на постојаните работни места. Во таа насока, третиот пакет економски мерки е насочен кон заживување на малите и средни пртепријатија преку директна поддршка на граѓаните и на стопанството. Поддршката беше насочена кон граѓаните ( невработените лица, социјално ранливите категории, младите-средношколци, студенти и млади до 29 години, домаќинствата со ниски примања и медицинските лица) и претпријатијата со цел да се поттикне приватната потрошувачка кај граѓаните и подобрување на условите за живот, одржливост на постојните и креирање нови работни места како резултат на потребата од зголемена дигитализација, поддршка на претпријатијата во обласста на туризмот преку политики за доделување на т.н.ваучери за граѓани со ниски приходи, поддршка за малите претпријатија за зголемување на конкурентноста, и поддршка на претпријатијата за воведување ИТ и онлајн активности и процеси.

Четвртиот пакет на мерки се воведе со цел да се обезбеди одржливост на работните места и креирање стратегија за излез од кризата. Преку овој пакет на мерки се прави обид да се обезбеди дирекна помош за економската и социјалната сигурност на вработените.

Спроведувањето на петтиот сет економски мерки содржи вкупно 29 мерки кои се распоредени во следните четири столба: директна финансиска поддршка за компаниите со цел задржување на работните места на граѓаните во секторите туризам, занаетчиство, угостителство, транспорт и индустрија за организација на настани, финансиска поддршка за ликвидноста на приватниот сектор со бескаматни кредити за задржување и зголемување на бројот на работници, креирање поповолно деловно окружување со системско редефинирање на царинскиот тарифник, намалување на парафискалните давачки и даночно олеснување и одложување кај неколку јавни давачки и поддршка за граѓаните.( www.finance.gov.mk)

Шестиот пакет кој се состои од седум антикризни економски мерки е насочен кон претпријатијата кои беа целосно затворени со цел превенирање на ширењето на коронавирусот во текот на месец април 2021, како и за подобрување на ликвидноста на претпријатијата кои инвестираат во текот на 2021 година.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Новиот коронавирус што ја предизвикува болеста „Ковид-19" се појави на почетокот на 2020 година и значително го промени глобалното општество. (Parnell et al. 2020) Здравствената пандемија предизвикана од влијанието на вирусот Ковид-19 драматично го промени општеството и ги промени сите деловни практики. Кризата овозможува компаниите да размислуваат отворено за нови работи.(Roy R. at all, 2018).Секоја криза може суштински да го загрози опстанокот на претпријатието со одредено влијание на остварувањето на целите на работење. Кризите не секогаш имаат само негативни импликации за засегнатите страни. Овие ситуации помагаат да се стимулираат иновативните пристапи на компании и идентификување на нови пазари (Faulkner, 2001) Помошта за малите и за средните претпријатија и поддршката на претприемништвото се клучот за економското закрепнување. Потребна е и соработка за справување со кризата од вирусот Ковид- 19, особено во однос на споделувањето на знаењето.( Kirk and Rifkin, 2020,124-131)

Во овие услови, од голема важност е соработка меѓу државните институции и претпријатијата.

Со цел прилагодување на новонастанатата состојба и унапредување на работата на малите претпријатија е примената на соодветни политики и мерки од страна на државата преку кои ќе им се помогне на претпријатијата полесно да ја надминат непланираната кризна состојба. Политиките и мерките од страна на државата се покажаа како неопходни за надминување на кризната состојба. Владата на Р.С.Македонија со

цел да го намали влијанието и да се намалат изразените економски последици од Ковид-пандемијата направи обид преку политиките и мерките да обезбеди поддршка за малите претпријатијата. Сетот на политики и мерки се разликува во различен временски период, од почеток на пандемијата кон крајот на 2019-та година до денес кога завршува четвртиот бран. Во основа политиките и мерките беа насочени кон заштита на вработените на работните места, воведување мерки за заштитата на самите работни процеси и различни форми на финансиска поддршка. Како дел од мерките донесени од страна на државата се и различните форми на одложување на обврските кон државата или т.н. даночни одложувања, намалување на одредени даночни стапки како дел од фискалните мерки или укинување на одреден вид даночни обврски.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Лукиќ, А., & Нововиќ, М. (2021). Accounting and audit in theory and practice, Бања Лука Колец, 2021, стр.79

Петревска, Б., & Магдинчева-Шопова, М. (2018). Економика на претпријатија, Универзитет Гоце Делчев Штип, стр. 88

Шкртиќ, М., & Микиќ, М. (2002). Претприемништво, Прва книга, стр. 223

Faulkner, B. (2001). “Towards a framework for tourism disaster management”, Tourism Management, Vol. 22 No. 2, pp. 135-147.

Kirk, C. P., and L. S. Rifkin. (2020) “I’ll Trade You Diamonds for Toilet Paper: Consumer Reacting, Coping and Adapting Behaviors in the COVID-19 Pandemic.” Journal of Business Research 117: 124–131

Liguori Eric, W., & Pittz, G.T. ( 2020). Strategies for small business: Surviving and thriving in the era of COVID-19,pp.106-110, In Press. doi:10.1080/26437015.2020.1779538

Magdinceva Sopova, M., Stojanovska-Stefanova, A., & Postolov, K. (2021). *Types of crises in the work of entrepreneurs: The impact of the global health crisis.* Knowledge - International Journal Vol.46.1., 46 (1). pp. 171-175. ISSN 2545-4439

Parnell, D., Widdop, P., Bond, A., & Wilson, R. (2020). “Covid-19, Networks and Sport.” *Managing Sport and Leisure* In Press. doi:10.1080/23750472.2020.1750100.

Reymen, I. M. M. J., Andries, P., Berends, H., Mauer, R., Stephan, U., & van Burg, E. (2015). Understanding dynamics of strategic decision making in venture creation: A process study of effectuation and causation. Strategic Entrepreneurship Journal, 9

Roy, R., Lampert, C.M., & Stoyneva, I. (2018). “When dinosaurs fly: the role of firm capabilities in the ‘avianization’of incumbents during disruptive technological change”, Strategic Entrepreneurship Journal, Vol. 12 No. 2, pp. 261-284

www.finance.gov.mk, пристапено на 02.03.2022